Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 27.03.2020

На 26.03.2020 во 17.56 часот било пријавено дека во Битола на ул.„Филип Втори Македонски", патничко возило „хјундаи", со битолски регистарски ознаки, управувано од В.Е.(29) од Битола, удрило во пешакот Е.И.(45) од Битола. Во незгодата Е.И. се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во Општата болница Битола за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Битола.

На 26.03.2020 во 09.50 часот било пријавено дека на магистралниот пат Радовиш – Струмица, пред надвозникот за с.Јаргулица, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фиат браво", со радовишки регистарски ознаки, управувано од Љ.Ѓ.(47) од с.Ињево, радовишко, и товарно возило „фиат дукато", со светониколски регистарски ознаки, управувано од С.А.(23) од Свети Николе. Во незгодата Љ.Ѓ. се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Клиничкиот центар Штип за укажување на лекарска помош, а со телесни повреди се здобил С.А. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

На 26.03.2020 во 11.20 часот во Полициската станица Аеродром Г.Ј.(43) од Скопје, пријавил дека на ул.„Гаврил Константиновиќ" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Во текот на 26.03.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани е еден возач поради поминување на црвено светло, а две возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 26.03.2020 околу 10.00 часот во СВР Тетово, Г.А.(30) од Тетово, вработен во КПУ „Тетово" во Тетово на паркинг просторот во близина на оваа установа, покрај патничко моторно возило „фолксваген бора", со тетовски регистарски ознаки, во негова сопственост, забележал експлозивна направа (рачна бомба „кашикара"). Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Тетово, а бомбата е подигната за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 26.03.2020 во 12.30 часот во СВР Скопје, З.Ј.(69) од Скопје пријавила дека на ул. „Цицо Поповиќ", по претходна расправија околу нерасчистени должничко-доверителски односи, била физички нападната од Р.Б.(44) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против А.И.(40) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „тешка кражба". Пријавениот, на 25.02.2020 во викенд куќа во с.Горна Белица, сопственост на В.К.(68) од Струга, со употреба на подесен предмет влегол и одзел електрични апарати, додека на 27.02.2020 во викенд куќа во истото село, сопственост на Ф.Б.(32) од Заграчани, струшко, со употреба на подесен предмет влегол и одзел повеќе видови предмети.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.К.(68) од с.Мешеишта, охридско, и Ј.Ј.(33) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање кредит или друга погодност". На 06.03.2015 првопријавениот склучил договор за купопродажба со второпријавениот за патничко возило, кое претходно второпријавениот го купил од С.К. од с.Мешеишта, со привремен престој во САД, и на 24.12.2014 го внел во државата на Царински терминал - Охрид со декларација. Иако купопродажниот договор за возилото, со кој сопственик станува првопријавениот, бил склучен на 06.03.2015, постапката за идентификација на возилото во Бирото за метрологија ја водел второпријавениот, за што добил потврда, врз основа на која добил согласност за регистрација од станица за технички преглед во Охрид, по што првопријавениот поднел барање врз управните служби во Охрид и на 09.02.2015 година, го регистрирал возилото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ф.Ц.(33) од с.Стрелци, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Во текот на првата половина од октомври 2013 пријавениот, врз основа на оригиналната швајцарска сообраќајна дозвола за патничко возило „форд транзит", изработил лажна швајцарска сообраќајна дозвола во која внел невистинити податоци, по што пополнил барање за издавање потврда за отворање на постапка за идентификација и заедно со копијата од лажната сообраќајна дозвола, која не била заверена на нотар, ги доставил во Бирото за метрологија Скопје. Лажната сообраќајна дозволата ја употребил и во станица за технички предмет во Охрид, како прилог на Барање за издавање на согласност за регистрација на возило.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против М.С.(61) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно – приватно партнерство". На електронска јавна набавка во 2017 објавена од Општина Крушево за изградба на пешачка улица во с.Свет Митрани – крак 1 учествувале пет економски оператори кои уредно ги доставиле своите понуди, меѓу кои и фирма од с.Мажучиште, прилепско, на која пријавениот бил управител. Пријавениот, иако бил свесен дека фирмата не ги исполнува условите за да учествува на оваа набавка, бидејќи имала неподмирени обврски кон УЈП, во електронската понуда што ја доставил до општина Крушево употребил невистинит документ – Уверение за платени даноци и придонеси и свесно ги повредил прописите за постапката за јавниот повик, при што во својство на управител се здобил со право понудата на правниот субјект да биде избрана како најдобра и најповолна, иако правниот субјект не ги исполнувал условите предвидени за јавната набавка. Фирмата со Одлука на општина Крушево била избрана за најповолен понудувач и изведувач на проектот и на 13.03.2017 помеѓу општина Крушево и фирмата од с.Мажучиште бил склучен Договор за изведба на проектот, согласно кој ѝ биле исплатени вкупно 813.743 денари.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Т.Ц. (61) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 21.03.2020 во 13.00 часот на ул.,,7 Ноември" во Охрид, полициски службеници при извршена проверка не го пронашле Т.Ц. на пријавената адреса, иако потпишал изјава за самоизолација од 14 дена и примил писмена наредба издадена од Министерството за здравство.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Н.М.(47) од с.Броштица, Центар Жупа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 22.03.2020 во 18.00 часот полициски службеници, при контрола на угостителски објект во с.Броштица, Центар Жупа, сопственост на пријавениот, констатирале дека истиот не се придржувал на издадените наредби и препораки на Владата на Р.С.Македонија и го отворил угостителскиот објект.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Р.Ф.(61) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 21.03.2020 во 05.55 часот, при контрола од полициски службеници било констатирано дека Р.Ф., како сопственик на угостителски објект на ул.„Братство - Единство", не се придржувал на издадените наредби и препораки на Владата на Р.С.Македонија и го отворил угостителскиот објект.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Д.П.(50) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 24.03.2020 во 00.35 часот пријавениот бил затекнат од страна на полициски службеници на бензинска пумпа во Кичево, односно не се придржувал кон воведената забрана за движење во определеното време, со цел спречување на ширење на заразната болест COVID -19 и заштита на населението на Р.С.Македонија.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против А.И.(50) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 23.03.2020 во 21.15 часот, пријавениот бил затекнат од полициски службеници на бензинска пумпа во Кичево, односно не се придржувал кон воведената забрана за движење во определеното време, со цел спречување на ширење на заразната болест COVID -19 и заштита на населението на Р.С.Македонија.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.С.(46) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 15.03.2020 во 07.57 часот пријавениот, остварил влез од Р.Австрија на Граничен премин Меѓународен Аеродром Скопје, а на 24.03.2020 околу 15.45 часот, на ул.„Партизански одреди" во Кичево, при проверка од полициски службеници во неговиот дом, било констатирано дека иако на 17.03.2020 потпишал изјава за самоизолација од 14 дена и примил писмена наредба од Министерство за здравство, Б.С. не се придржувал на изречените мерки.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против А.Л.(25) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 23.03.2020 во 22.00 часот на ул.„Партизанска" во Струга, од страна на полициски службеници кои вршеле контрола заради воведената забрана за движење во определеното време, било сопрено патничко возило управувано од пријавениот, кој не ги почитувал мерките изречени за заштита и ширење на COVID -19.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет